394
Петар

У-6.бр.650/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД, преку судијата м-р Ѓоко Живковски, како судија поединец, одлучувајќи по тужбата на тужителот П. Б. од Скопје, поднесена против Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-394 од 01.08.2025 година, основ: пристап до информации од јавен карактер, вредност на спорот: 40.000,00 денари, на ден 24.11.2025 година, согласно член 38 став 1 точка 2 и член 59 став 1 од Законот за управните спорови, ја донесе и јавно ја објави следната:

П Р Е С У Д А

09. 12. 2025
394

Тужбата на тужителот П.Б. од Скопје, против Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-394 од 01.08.2025 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение означено во изреката на пресудата, во точка 1, Жалбата изјавена од П.Б. од Скопје, поднесена против Решение со архивски број А Бр.336/25 од 22.07.2025 година, на Основно јавно обвинителство Скопје, примена и заведена во Агенцијата под бр.08-394 на 31.07.2025 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, се одбива како неоснована. Во точка 2 од диспозитивот на истото решение, Решението со архивски број А Бр. 336/25 од 22.07.2025 година, на Основно јавно обвинителство Скопје, Се потврдува.

Незадоволен од ова решение, тужителот П.Б. од Скопје, поднесе тужба со која ја оспори законитоста на решението на тужениот орган означено во изреката на оваа пресуда поради погрешна примена на материјалното право и погрешно утврдена фактичка состојба. Предложи, судот да го уважи тужбеното барање на тужителот оспореното решение да го поништи и да одлучи на начин што ќе го поништи решението А Бр.336/25 од 22.07.2025 година на имателот на информација Основно јавно обвинителство Скопје и ќе го задолжи истото Јавно обвинителство во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата на тужителот да му ја достави бараната информација согласно барањето од 10.06.2025 година, под закана од прекршочни санкции согласно член 39 став 3 од ЗСПИЈК, а при тоа ќе го задолжи тужениот орган и со процесните трошоци во постапката. Во тужбата наведува дека тужениот орган со сега оспореното решение ја одбил тужбата на тужителот и во целост го потврдил решението на имателот на информација ОЈО Скопје, со став дека побараната информација дали ЈО на ОЈО Скопје Ирина Црвенковска е ќерка на Павлина Црвенковска член на Судски Совет е информација за физичко лице, но при тоа тужениот орган погрешно ги применил одредбите од член 6 став 1 точка 2 од ЗСПИЈК, затоа што со предметното барање не се барало откривање на лични податоци за физички лица систематизирани со член 4 став 1 од Законот за заштита на лични податоци, кој баран податок не бил систематизиран како личен податок. Согласно истото смета дека тужениот орган треба да го прифати фактот дека ЈО нема својство на физичко лице бидејќи е јавно службено лице чии податоци се достапни на јавноста.

Тужбата, Судот ја достави до тужениот орган, кој во рокот определен од судот ги достави списите по предметот и во Одговор на тужба наведе дека се неосновани

наводите на тужителот дека во постапката по жалба погрешно било применето материјалното право и погрешно била утврдена фактичка состојба. Во конкретниот случај, при постапување по барањето за пристап до информации од јавен карактер, првостепениот орган - Имателот на информации - Основно јавно обвинителство Скопје, постапило согласно Законот за слободен пристап со тоа што го одбил пристапот до бараната информација со образложение дека бараната информација е исклучок од истиот Закон, односно истата барана информација содржи лични податоци. Агенцијата пак, како второстепен орган кој решава по жалбата на барателот, должна е да постапи согласно позитивните законски прописи, како што впрочем и постапила при одлучување по жалбата на барателот на информации, а сега тужителот, при што донела правилна и на закон заснована одлука – Решение.

Судот постапувајќи по тужбата на тужителот, врз основа на наводите и доказите од тужбата, одговорот на тужбата на тужениот орган, како и од увидот во списите на предметот доставени од тужениот орган, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па најде дека:

Тужбата на тужителот е неоснована.

Согласно член 4 став 1 точка 1 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" број 42/20 и 294/21) „Личен податок" е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице. Согласно точка 2 од истиот став и член, „Обработка на личните податоци" е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување.

Согласно член 3 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/2019) „информација од јавен карактер" е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности (во натамошниот текст: информацијата).

Согласно член 38 став 1 точка 2 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" број 96/2019), Судот по исклучок од одредбите од член 37 од овој закон одлучува по управниот спор без да одржи расправа само доколку тужителот ја оспорува примената на материјалното право, а не утврдената фактичка состојба.

Согласно член 35 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019), законитоста на оспорениот управен акт судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но притоа не е врзан со причините на тужбата.

Од списите во предметот произлегува дека лицето од Скопје, повикувајќи се на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, на 10.06.2025 година, поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер до Основно јавно обвинителство Скопје, со кое побарал да му се достави информација: „Дали ЈО на ОЈО Скопје Ирина Црвенковска е ќерка на Павлина Црвенковска член на Судски Совет".

Иметелот на информации - Основно јавно обвинителство Скопје постапувајќи по Барањето на ден 22.07.2025 година донел Решение А Бр.336/25, со кое го одбива Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од П.Б. од Скопје, истото со образложение дека согласно чл.3 ст.2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, бараната информација не е информација која барателот ја создал или располага со истата, а воедно и согласно член 6 став 2 од истиот закон, станува збор за личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци на Јавниот обвинител.

Незадоволен од донесеното Решение, Барателот на информација, сега тужител, на ден 30.07.2025 година, поднел жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, заведена под бр.08-394, во која навел дека повод за неговото барање било постоењето на сомневања дека ЈО на ОЈО Скопје Ирина Црвенковска е ќерка на Павлина член на Судски совет, а во врска со информација од штедачите на Еуростандард банка дека родителите З. и Павлина (член на СС) Црвенковски земале кредит во износ од 1,6 милиони Евра и поголем дел од кредитот го префрлиле на ќерката Ирина, кој кредит не бил вратен, па со цел да не шпекулира по однос на истото, ја побарал предметната информација. При тоа навел дека Име на родител, брат и сестра, согласно членот 4 став 1 точка 1 од Законот за заштита на личните податоци не е личен податок според кој било можно да се идентификува физичкото лице на која околност оваа информација не можела законски да биде заштитен.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, постапувајќи по жалбата на сега тужителот, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, врз основа на доказите во списите во предметот, го донела сега оспорното решение бр.08-394 од 01.08.2025 година.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот наоѓа дека во конкретниот случај, тужениот орган правилно постапил потврдувајќи го првостепеното решение на Основно јавно обвинителство Скопје, како имател на информација, со оглед дека истиот спровел законита постапка и врз основа на правилно утврдена фактичка состојба, донел правилно и законито решение кое содржи јасни и доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел тужениот орган при одлучувањето, укажувајќи дека бараната информација согласно позитивните законски прописи не е информација од јавен карактер.

Имајќи во предвид дека согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, што е законски подведено под „информација од јавен карактер", судот наоѓа дека во конкретниот случајот се работи за барање лични податоци упатено за конкретно физичко лице, кои податоци никако не можат и не смеат да бидат третирани за информации од јавен карактер од причина што не се однесуваат на информации кои произлегуваат од работењето на Имателот на информации, во согласност со неговите надлежности. Дотолку повеќе што со евентуалното објавување на бараната информација, директно се прекршува одредбата од член 4

став 1 точка 2 од Законот за заштита на личните податоци, а доколку барателот, сега тужител, имал некакви сомнежи и сознанија за коруптивно однесување или постапување, тужениот орган правилно укажал на превземање соодветни дејствија пред надлежните органи, а не самоиницијативно собирање на лични податоци за трети лица (физички лица).

При одлучувањето, Судот ги имаше во предвид тужбените наводи на тужителот, меѓутоа имајќи ги предвид погоренаведените законски одредби кои укажуваат на неоснованост на предметното барање, истите ги оцени за неосновани и без влијание за поинакво одлучување во предметната постапка.

Имајќи предвид дека согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови, во управен спор, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката, Судот барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, го одби како неосновано.

Со оглед на погоре наведеното, судот одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови.

Одлучено во Управниот суд на ден 24.11.2025 година под У-6.бр.650/2025.

Судија,
м-р Ѓоко Живковски

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБСРМ, сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-1, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави до:
- тужителот,
- тужениот орган

Судија,
м-р Ѓоко Живковски

АП/

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник
4